КУЛТУРА

*Датум: 30.05.2010, 18:53*

Ми се допаѓа 0

# ПАТОПИС ИСПИШАН ВО СКУЛПТУРИТЕ НА ХАЏИ БОШКОВ



Шестотини скулптури, меѓу кои и досега неизложувани дела, видеопрезентација и промоција на монографија, утре во „Мала станица“, ќе ја одбележат петдецениската вајарска дејност на Хаџи Бошков

Повеќе од шестотини скулптури од најразлични материјали од сите фази на творештвото на академскиот скулптор Петар Хаџи Бошков и промоција на неговата монографија, утре во 20.30 часот во „Мала станица“, ќе ја одбележат петдецениската вајарска дејност на денот на роденденот на авторот. Изложбата ќе ја отвори академик Георги Старделов, а книгата ќе ја промовира Елизабета Шелева. Делата од различните фази на Хаџи Бошков се сопственост на авторот, на Националната галерија на Македонија, Музејот на современа уметност и на приватни колекции од земјава и некои од нив првпат ќе бидат изложени пред скопската публика. Станува збор особено за делата позајмени од Музејот во Штип и дела во сопственост на авторот. Делата што се наоѓаат во Америка и дел од монументалните дела ќе може да се видат преку фотографии.

Според директорката на Националната галерија, Маја Крстевска, на отворањето, делата на Хаџи Бошков ќе може да се погледнат и преку видеопрезентација.

- Со оваа ретроспективно-монографска изложба, преку одбраните примери, од многубројните серии скулптури, како релевантни и препознатливи примери од неговото творештво настојуваме уште еднаш да ја потврдиме и афирмираме улогата на Хаџи Бошков во развојот на современата македонска скулптура - вели Крстевска.

Во големата ретроспективна изложба се вклучени сите историчари на уметноста и кустоси на Националната галерија на Македонија, под водство на Маја Неделкоска Брзанова.

Хаџи Бошков рече дека мал дел од неговите дела се застапени на изложбата, бидејќи голем дел од нив се во странство, но изложените дела ги покажуваат сите негови фази на творештвото.

- Чинот на создавањето бил секогаш примарен. Интерпретацијата на моето творештво ја оставам на историчарите на уметноста, бидејќи тоа што јас сум сакал да кажам сум кажал преку скулптурите. Не е во ред со зборови да го објаснувам моето дело - вели Хаџи Бошков.

Во рамките на изложбата ќе биде промовирана монографијата „Петар Хаџи Бошков: Скулптура 1950-2004“ од ликовниот критичар Конча Пиркоска. Монографијата е на 192 страници во боја, поделена на три дела - Тело, Енергија на ритамот и Монументална јавна пластика, со шест поднаслови.

Пиркоска вели дека додека ја подготвувала монографијата открила два круцијални момента за творештвото на Хаџи Бошков кои претходно не ги знаела, ниту биле обработени од претходни автори - обезглавувањето и андрогиноста во делата.

- Да се зборува и да се пишува за еден исклучителен автор, кој јас го нарекувам „арт-кохолик“, беше огромен предизвик и огромен страв и се одлучив да ја третирам исклучиво неговата скулптура. Го третирав портретот како обезглавување и проблемот на неговата монументална пластика. Во неговото творештво има и постмодернистички елементи - вели Пиркоска.

Според неа, важен момент во неговото творештво е ритамот, односно музикалната енергија и тоа се покажало кога пред неколку години музичарот Гаро Тавитјан свирел на неговите скулптури.

Изложбата ќе биде отворена до крајот на август.

Хаџи Бошков (1928) студирал и дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Љубљана. Специјализирал на Кралскиот колеџ за ликовни уметности „Купер“ и на Слејдовата школа во Лондон. Работел како професор во Училиштето за применета уметност во Скопје и како професор и декан на Факултетот за ликовни уметности. Во минатата година беше избран за почесен член на Македонската академија на науките и уметностите.

**Марина Лазаревска**

#

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- Невработеноста во првиот квартал падна на 22,9 отсто, вработени се 734.043 лица
- Бујар Османи: Приоритет ни се програмите, а не ресурсите
- Вавринка го исфрли Ѓоковиќ од Топ3 на АТП-листата
- Тајната на нацистичкиот гроб среде непроодната бразилска џунгла
- Спалети нов тренер на Интер

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook
Dnevnik / Дневник
61,481 likes
Like Page
Share

НАЈКОМЕНТИРАНО НАЈЧИТАНО ПРИЈАТЕЛИ

- Окупаторите и квислинзите во акција да ја сотрат нацијата
- Зарем и Македонија ќе треба да има комесар ако стане членка на ЕУ
- Судискиот реизбор во Полска е закана за правото, но не и во Македонија
- Македонската црква - името и јазикот
- Многу земји ќе лобираат за Македонија да стане членка на ЕУ